2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 22 август 1975
Скопје
Број 30 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**360.**

Врз основа на член 49 став 2 од Законот за воените инвалиди („Службен весник на СРМ“, бр. 29/73 и 45/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, донесува

### ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИНВАЛИДСКИОТ ДОДАТОК, ПОСЕБНИОТ ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК И МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ

1. Инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација се усогласува со движењето на просечните животни трошоци во Републиката, така да истите се зголемуваат за 24,3% од 1 јануари 1975 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1170/1
13 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**361.**

Врз основа на член 13 став 2 од Законот за материјално обезбедување на учесниците од НОВ („Службен весник на СРМ“, бр. 26/68 и 35/71), Извршниот совет на Собранието на СРМ, донесува

### ОДЛУКА
### ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНОТО МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ

1. Постојаното материјално обезбедување на учесниците од Народноослободителната војна се усогласува со движењето на просечните трошоци на животот во Републиката, така да истото се зголемува за 24,3% од 1 јануари 1975 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1171/1
13 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**362.**

Врз основа на член 19 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКАТА ФИЛХАРМОНИЈА

1. Се именува за вршител на должноста директор на Македонската филхармонија ФИМЧО МУРАТОВСКИ, досегашен директор на Филхармонијата.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1645/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**363.**

Врз основа на член 29 став 3 и член 16 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

1. БЛАГОЈА МИСАЈЛОВСКИ, помошник на републичкиот секретар за народна одбрана, повторно се именува на иста должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1646/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**364.**

Врз основа на член 43 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1. Се именува за заменик на директор на Републичкиот завод за техничка соработка БОЧЕ ЛАМБЕВСКИ, досегашен помошник на директорот на Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1647/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**365.**

Врз основа на член 43 од Законот за Републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

1. Се именува за советник на директорот на Републичкиот завод за статистика ПАУНА ЖЕРНОВСКА, досегашен началник во Заводот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1649/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**366.**

Врз основа на член 20 од Законот за самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност („Службен весник на СРМ" бр. 23/75), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ РАБОТИ ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ**

1. Во Иницијативниот одбор за подготвителните работи за конституирање на самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност се именуваат и тоа:

а) за претседател

ТРАЈЧЕ КОШЕВСКИ, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СР Македонија;

б) за членови:

1. ЈОВО ЈОВАНОВСКИ, член на Претседателството на Републичката конференција на Сојузот на синдикатите на работниците од земјоделската, тутунската и прехранбената индустрија;

2. БЛАЖЕ ПИЛАТОВ, заменик директор на „Црвена ѕвезда" — Штип;

3. СЛАВКО ГАВРИЛОВ, раководител на Групата за унапредување на земјоделството, задругарството, здружување и кооперација при Стопанската комора на Македонија;

4. РИСТО ФРАНГОВ, директор на „Винојуг" — Гевгелија;

5. ТРАЈАН НИКОЛОВСКИ, директор на „Лозар" — Т. Велес;

6. БРАНКО СИМОНОВСКИ, на работа во ЗИС „Куманово" — Куманово;

7. НИКОЛА АТАНАСОВСКИ, на работа во Земјоделскиот комбинат „Преспанско јаболко" — Ресен;

8. ГЛИГОР АНДОНОВСКИ, секретар на Советот за заштита од градобијност;

9. ИЛИЈА ИЛИЕВСКИ, самостоен референт за оперативни работи во Републичкиот секретаријат за народна одбрана;

10. РИСТО МИЦКОВСКИ, секретар на Секретаријатот на Републичкиот одбор на месните заедници — Скопје;

11. РАСИМ МЕМЕТИ, претседател на Општинскиот одбор на месните заедници — Гостивар;

12. ТРИФУН МАНОЈЛОВ, претседател на Општинскиот одбор на месните заедници — Кочани.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1650/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**367.**

Врз основа на член 14 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ" бр. 17/74) и член 20 од Статутот на Заводот за водостопанство на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКАТА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ЗАВОДОТ ЗА ВОДОСТОПАНСТВО НА СР МАКЕДОНИЈА**

1. Се утврдува престанок на функцијата членови на Советот на Заводот за водостопанство на СР Македонија поради истекот на мандатот на:

— инж. Славко Цонев
— инж. Никола Дурнев
— инж. Боро Поповски

2. За претставници на Републиката во управувањето со Заводот за водостопанство на СР Македонија се именуваат:

инж. АНГЕЛ АТАНАСОВ, директор на ООЗТ Водостопанство „Брегалница" — Кочани и

инж. АНАСТАС ДЕМИРОВСКИ, асистент на Земјоделско-шумарскиот факултет — Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-1651/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**368.**

Врз основа на член 14 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 17/74), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА — СКОПЈЕ

1. Се утврдува престанок на функцијата член на Советот на Институтот за национална историја, поради истекот на мандатот на:

ВЛАДО КАРТОВ.

2. За член на Советот на Институтот за национална историја — Скопје се именува:

ПЕРО КОРОБАР, член на Советот на Републиката.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1653/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**369.**

Врз основа на член 1 став 2 од Договорот на републиките и автономните покраини за статусот, работењето и начинот на утврдувањето и распределбата на приходите на Југословенската лотарија („Службен лист на СФРЈ“ бр. 69/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ОД СР МАКЕДОНИЈА ВО СОБРАНИЕТО НА ЗАЕДНИЦАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЛОТАРИЈА

1. За претставник во Собранието на Заедницата на Југословенската лотарија од Социјалистичка Република Македонија се определува:

СТЕВО СТОЕВСКИ, потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1654/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**370.**

Врз основа на член 30 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СОВЕТНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. Се именува за советник на републичкиот секретар за сообраќај и врски РИСТО ЈАНКОВСКИ, досегашен капетан на Капетанијата во Охрид.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1656/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**371.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се разрешува од должност советник во Извршниот совет БЛАГОЈ ЛЕВКОВ, поради заминување на нова должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 12-1657/1
17 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**372.**

Врз основа на член 145 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТОТ ЗА ВОЗАЧ — ИНСТРУКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишува: програмата и начинот на полагањето на испитот за возач-инструктор, образецот на дозволата за возач-инструктор и начинот на издавањето и заменувањето на дозволата за возач-инструктор, како и се пропишуваат евиденциите за полагањето на испитот за возач-инструктор и за издадените дозволи за возач-инструктор.

### I. Програма на испитот за возач-инструктор

Член 2

Програмата на испитот за возач-инструктор ги опфаќа областите:

1. прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата;
2. психологија;
3. педагогија;
4. познавање на моторни возила;
5. управување со моторно возило; и
6. основи на укажување прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода.

Член 3

Програмата на испитот за возач-инструктор е отпечатена кон овој правилник и е негов составен дел.

### II. Начин на полагање на испитот за возач-инструктор

Член 4

Кандидат за возач- инструктор (кандидат) пријавата за полагање на испит за возач-инструктор (испит) ја поднесува до Републичкиот секретаријат за внатрешни работи (Републички секретаријат).

Пријавата од претходниот став содржи: име, татково име и презиме на кандидатот, датум и место на раѓањето, завршено училиште или квалификација, занимање, назначување на категоријата на моторното возило за која кандидатот има возачка дозвола, број на возачката дозвола и назив на органот што ја издал, адреса на станот, податок за која категорија на возила кандидатот пријавува полагање на испит, начин на подготвување за испитот и податок по кој пат кандидатот го полага испитот.

Член 5

Со пријавата за полагање на испитот кандидатот прилага:

1. доказ за завршено најмалку средно образование или на него рамно училиште или доказ за квалификуван работник;

2. уверение за здравствена способност со кое се утврдува дека подносителот на пријавата е душевно и телесно способен за управување со моторни возила од категоријата за која бара дозвола за возач-инструктор, кое не смее да биде постаро од шест месеци;

3. потврда за платени трошоци за полагање на испитот.

Член 6

При приемот на пријавата за полагање на испитот, испитната комисија утврдува дали пријавата е потполна и дали се приложени кон неа доказите од член 5 на овој правилник, како и дали се исполнети условите за полагање на испитот за што може да се бара да се приложат потребни исправи на увид.

Ако се поднесени доказите и се исполнети условите за полагање на испитот испитната комисија го одобрува полагањето на испитот и го определува времето и местото на полагањето на испитот за што писмено го известува кандидатот.

За одбивање на барањето за полагање на испитот се донесува решение.

Член 7

Пред почетокот на полагањето на испитот се утврдува идентитетот на кандидатот.

Член 8

Испитот се полага писмено, усмено и практично.

Испитот од прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата се полага писмено по пат на тест и усно.

Испитите од психологија и познавање на моторни возила се полагаат усно.

Испитите од педагогијата и основите на укажувањето прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода се полагаат усно и практично.

Испитот од управувањето со моторно возило се полага практично.

Член 9

На кандидатот за одговор на прашањата од тестот му се остава време од 60 минути.

Кандидатот извлекува лист со по три испитни прашања за испитите што се полагаат усно.

Член 10

Испитот се полага пред испитна комисија во полн состав.

По исклучок, испитот од управување со моторно возило може да се полага и пред испитна комисија што ја сочинува испитувачот за управување со моторно возило и испитувачот од прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата или претседателот на испитната комисија, а делот од испитот од педагогијата што се полага практично и пред испитна комисија што ја сочинува испитувачот од педагогијата и испитувачот од управувањето со моторно возило.

Се смета дека кандидатот го полага испитот од управување со мотоцикл пред испитна комисија и кога комисијата мотоциклот го следи од друго моторно возило.

Член 11

Испитот од управувањето со моторно возило се врши на пат во населено место што има развиена улична мрежа и сообраќајна сигнализација — сообраќајни знаци и ознаки на коловозот и уреди за давање светлосни сообраќајни знаци — семафори. Ако овој испит се полага и на пат вон од населено место тој се врши на места на кои најголемата дозволена брзина на движењето на моторни возила изнесува над 70 км. на час.

Член 12

Испитот од управување со моторно возило се полага на моторно возило што е должен да го обезбеди кандидатот, и тоа:

— за возач-инструктор за подготвување кандидати за управување со моторни возила од А категорија — на моторно возило од таа категорија чија зафатнина на моторот преминува 125 cm$^3$;

—за возач инструктор за подготвување кандидати за управување со моторни возила од Б категорија — на моторно возило од таа категорија;

— за возач-инструктор за подготвување кандидати за управување со моторни возила од Ц категорија — на товарно моторно возило чија најголема дозволена тежина е над 6,5 т;

— за возач-инструктор за подготвување кандидати за управување со моторни возила од Д категорија — на автобус на кој се вградени над 20 седишта;

— за возач-инструктор за подготвување на кандидати за управување со трактор — на трактор со приколка.

Член 13

Ако за делот на испитот од педагогијата што се полага практично не може да се обезбеди лице кое ќе има улога на кандидат за возач, еден од членовите на испитната комисија може да го замени него.

Член 14

Ако на испитот кандидатот се служи со недозволени средства — користење на учебници или белешки, препишување и друго, испитната комисија го отстранува таквиот кандидат од испитот и се смета дека не го положил испитот.

Член 15

Успехот на испитот од секоја област го оценува испитната комисија со оценка „положил" или „не положил".

Член 16

Кандидатот, кој не го положи испитот од прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата се смета дека не го положил испитот.

Кандидатот кој го положи испитот од претходниот став, а не ги положи испитите од другите области може да го повторува полагањето на тие испити два пати во рок од една година од денот на првото полагање и доколку и тогаш не ги положи сите испити што ги повторува се смета дека не го положил испитот.

Кандидат, кој претходно не ги положи испитите што се полагаат писмено или усно, не може да ги полага испитите што се полагаат практично.

Член 17

Испитите се одржуваат, по правило, во март, јуни и септември.

Член 18

Тестот за полагање на испитот од прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата содржи определен број прашања на кои одговорите можат да се даваат на повеќе начини што се јасно определени во него. Тестот може да содржи и прашања на кои одговорот се дава описно.

Точните одговори на прашањата од тестот се вреднуваат со бодови зависно од значењето на содржината на прашањето. Кандидатот се смета дека го положил испитот ако во одговорите за прашањата од тестот постигне најмалку 90% од вкупниот број на позитивни бодови.

Член 19

Ако кандидатот не пристапи кон полагање на испитот од било кои причини или пред почетокот на испитот се откаже од полагањето, се смета дека не го полагал испитот.

Ако кандидатот се откаже од веќе започнатото полагање на испитот од определена област, се смета дека не го положил испитот од таа област.

Член 20

Ако се утврди дека на кандидатот кој го положил испитот му било одобрено полагање на испитот врз основа на лажна исправа или невистинити наводи во пријавата за полагање на испитот, испитот ќе му се поништи, а издадената дозвола за возач-инструктор ќе му се одземе.

## III. Образец на дозволата за возач-инструктор и начин на издавањето и заменувањето на дозволата

Член 21

Образецот на дозволата за возач-инструктор е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 22

За издавање на нова дозвола за возач-инструктор наместо загубената дозвола или за заменување на дотраената дозвола со нова дозвола за возач-инструктор, возачот-инструктор поднесува барање на Републичкиот секретаријат. Новата дозвола се издава како дупликат што се означува со зборот „дупликат" и го носи регистарскиот број како и загубената односно дотраената дозвола.

## IV. Евиденции за полагањето на испитот и издадените дозволи за возач-инструктор

Член 23

За текот на полагањето на испитот се води записник.

Записникот содржи: реден број на регистарот за полагање на испитот, презиме, татково име и име на кандидатот, презиме и име на претседателот и членовите на испитната комисија, датум и место на полагањето на испитот, број на тестот и листот со испитните прашања, оценките за успехот од секоја област и општата оценка за испитот.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на испитната комисија.

Кон записникот се прилага писмениот состав што го изработил кандидатот.

Член 24

Испитната комисија води регистар за полагање на испитот и за издадените дозволи за возач-инструктор.

Регистарот за полагање на испитот и издадените дозволи за возач-инструктор содржи: реден број, презиме, татково име и име на кандидатот, негово живеалиште и адреса, датум, место и општина на неговото раѓање, број на возачката дозвола и назив на органот што ја издал, категорија на моторното возило за кое се полага испитот, датум на полагањето и успех постигнат на испитот, назначување за тоа по кој пат кандидатот го полага испитот, датум на издавањето и серискиот број на дозволата за возач-инструктор и рубрика за забелешки.

Член 25

Регистарот за полагање на испитот и издадените дозволи за возач-инструктор се заклучува на крајот на секоја календарска година и се чува како документ од трајна вредност. Другата документација сврзана со полагањето на испитот — писмени состави, тестови, прашања, записници и друго се чува најмалку две години.

Член 26

Испитната комисија е должна за издадената дозвола за возач-инструктор да достави извештај на општинскиот орган за внатрешни работи кај кој возачот-инструктор е евидентиран како возач на моторно возило или трактор.

Органот од претходниот став го запишува бројот на дозволата за возач-инструктор, категоријата на возилата за која важи дозволата и називот на органот што ја издал дозволата во регистарот за возачи на моторни возила во кој е запишан возачот-инструктор како возач на моторно возило или трактор и во неговиот картон на возач на моторно возило или трактор.

## V. Завршни одредби

Член 27

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-9251/2
29 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски**, с. р.

# ПРОГРАМА
# НА ИСПИТОТ ЗА ВОЗАЧ-ИНСТРУКТОР

## I. Програма на испитот од прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата

1. Општи прашања:

— видови прописи за безбедноста на сообраќајот на патиштата;
— поделба на јавните патишта, нивното одржување и користење;
— фактори што влијаат на психофизичката способност на возачите на моторни возила (вид, слух, замор, внимание, време на реакција, алкохол, труење со јаглен-моноксид и душевна рамнотежа.

2. Општи правила на сообраќајот:

— општи обврски за возачите на моторни возила;
— вклучување во сообраќај и промена на начинот и правецот на движење;
— страна на движење;
— брзина на движењето;
— разминување;
— обиколување;
— знаци за предупредување;
— запирање и паркирање;
— пресекување на колона на пешаци;

3. Посебни правила на сообраќајот:

— сообраќај на моторни возила и приклучни возила;
— превоз на лица со возила;
— употреба на светлата ноќе и дење во случај на намалена видливост;
— растојание помеѓу возила во движење;
— означување на запрени возила;
— сообраќај на трамваи и други возила на шини;
— сообраќај на велосипеди, велосипеди со мотор и мотоцикли;
— сообраќај на запрежни возила и движење на добиток;
— движење на пешаци;
— сообраќај на раскрсници (поим и подела на раскрсниците и начини на регулирање на сообраќајот на раскрсница);
— правила за движење и предности на раскрсниците;
— движење на раскрсници вон од нивото на патиштата и со кружен тек на сообраќај;
— сообраќај на патен премин преку железничка пруга;
— сообраќај на автопат и пат резервиран за сообраќај на моторни возила;
— сообраќај во тунел;
— возила под придружба;
— возила со право на првенство на минување;
— пробни возења;
— влечење возила;
— превоз на опасни материи;
— должности во случај на сообраќајна незгода;
— спортски и други приредби на пат;
— сообраќај по неповолни временски услови.

4. Сообраќајни знаци:

— сообраќајните знаци како фактор за безбедност и нивна поделба;
— знаци за опасност;
— знаци за изречени наредби;
— знаци за известување;
— дополнителни табли;
— ознаки на коловозот;
— светлосни сообраќајни знаци.

5. Прописи за возачите на моторни возила:

— право на управување на моторни возила и услови за добивање на возачка дозвола;
— подготвување на кандидат за возач и за возачки испит;
— возачки испит;
— возачка дозвола;
— категории на моторни возила за кои се издава возачка дозвола;
— важење и продолжување важноста на возачката дозвола;
— пријавување на промената на живеалиштето;
— војна возачка дозвола и нејзина замена;
— странска возачка дозвола и нејзина замена;
— издавање нова возачка дозвола наместо загубена и дотраена;
— меѓународна возачка дозвола и превод на југословенска возачка дозвола;
— одземање на возачката дозвола;
— контролни здравствени прегледи на возачите;
— контрола на алкохолисаноста на возачите;
— траење на управување на моторно возило;
— одговорноста на возачите (прекршочна, кривична и материјална одговорност);
— право на добивање дозвола за возач-инструктор;
— обврски на возачот-инструктор спрема кандидатите за возачи на моторни возила;

6. Прописи за возилата:

— основни мерки за безбедност;
— регистрација на моторни и приклучни возила;
— обврска и услови за регистрација;
— привремена регистрација;
— возила со странска регистрација;
— евиденција за регистрираните моторни и приклучни возила;
— важност и продолжување важноста на регистрацијата;
— пријавување на промените на возилата;
— издавање нова сообраќајна дозвола и регистарски таблици наместо загубена или дотраена;
— бришење од евиденцијата на регистрираните возила (дерегистрација);
— исклучување од сообраќај на возилата;
— технички преглед на моторни и приклучни возила.

7. Надлежност за вршење контрола и регулирање сообраќајот на патиштата и посебни овластувања на службените лица во контролата и регулирање сообраќајот на патиштата:

— право на запирање, контрола и регулирање:
— право на казнување на лице место за сторени прекршоци и во одредени случаи;
— исклучување на возачот од сообраќај, во кои случаи и постапка;
— исклучување на возило од сообраќај, во кои случаи и постапка;
— упатување на возило на вонреден технички преглед;
— право да нареди отстранување на возило од определено место;
— да нареди отстранување на одделни недостатоци на возилото или товарот и во определен рок, на определено место и време да се јави возачот со отстранети недостатоци;
— упатување на возач на контролен здравствен преглед;
— упатување на возач за проверка на знаењето;

— одземање на возачката дозвола на лице место во одредени случаи и за одредени прекршоци;
— други овластувања на милицијата (приведување, задржување, употреба на физичка сила, гумена палка, огнено оружје, вршење претреси, користење на превозни средства и друго);
— односи на релацијата овластено службено лице — учесник во сообраќајот; и
— постојана внатрешна контрола во организациите на здружениот труд што вршат јавен превоз или превоз за сопствени потреби.

**II. Програма на испитот од психологија**

1. Психологија и нејзината примена во сообраќајот — уводни забелешки.
2. Основни психички процеси:
— осет;
— забележување (илузија, халуцинација);
— претстава;
— внимание;
— емоција;
— мислење;
— рефлекс.

3. Психологија на личноста:
— личност — поим;
— особини на личноста;
— темперамент;
— карактер;
— особини на личноста и карактеристики на однесувањето на возачот.

4. Способности:
— структура на способноста — сетилни, психомоторни и ментални способности;
— психофизички способности зависно од годините на возраста.

5. Учење и паметење:
— паметење, задржување и репродукција и заборавање;
— поим и форми на учење, учење на движења и дејствија, стекнување и извежбување на моторички навики;
— напредување во учењето и методи на учење;
— влијание на поранешното искуство во учењето;
— фактори за успешно учење — старост и успех во обучувањето на возачите.

6. Замор:
— услови за појава на замор, траење и време на работа и замор;
—начини на појави на замор кај возач и субјективни и објективни знаци на замор;
— сузбивање на заморот;
— влијание на одморот и спиењето врз спречувањето на појавата на заморот;
— монотонија и нејзино спречување.

7. Вид:
— орган на видот и дневно и ноќно гледање;
— основни функционални карактеристики на видот: острина на централниот и периферниот вид, широчина на видното поле, процена на растојанието, распознавање на боите;
— влијание на функционалните недостатоци и аномалии на видот врз ефикасноста на управувањето на возило;
— ноќно возење и заслепување.

8. Влијание на алкохол, никотин и други медикаменти врз возачот:
— влијание на алкохол — психофизиолошки ефекти на алкохолот и ефекти на алкохолот врз управувањето на возило;
— никотин, јаглен-моноксид и ефикасност на управувањето;
— влијание на разни дроги врз однесувањето на возачот.

9. Влијание на надворешните услови врз возачот:
— физичко — климатски услови: температура, бука, вибрации;
— осветленост на патишта и светлосни уреди на возилото;
— систем на сигнализација и сообраќајни знаци на патот;
— седиштe, команден и контролен уред на возилото;
— обем, интензитет и структура на сообраќајот.

III. **Програма на испитот од педагогија**

1. Основни принципи на подготвувањето:
— цел, потреба и вредност на познавањето на основните дидактички принципи во работата на возачот — инструктор;
— дидактички принципи што во инструктивната работа доаѓаат претежно до израз:
а. принцип на очигледноста;
б. принцип на поврзаноста на теоријата со практиката;
в. принцип на систематичноста и постапноста;
г. принцип на свесната активност;
д. принцип на рационализацијата и економичноста;
ѓ. принцип на индивидуализацијата;
е. принцип на трајноста на знаењето, умешноста и навиките;
— примена на дидактичките принципи во практичната работа на инструкторот.

2. Наставни методи:
— метода на жив збор во подготвувањето;
— метода на покажување (демонстрирање): на дејствија, делови и на нивната функција и заемна поврзаност, на шеми и цртежи (разни ситуации);
— метода на разговор и неговата функција во текот на подготвувањето;
— примена на наставните методи во практиката. Поврзаност на наставните методи во обучување.

3. Наставни форми:
— фронтална форма;
— групна форма;
— индивидуална форма;
— примена на формите на наставата во разни практични ситуации.

4. Наставни средства:
— демонстрациони средства;
— манипулативни средства;
— оперативни средства;
— примена на наставните средства во практиката на возачот — инструктор.

5. Наставен час:
— уводен час, негова структура и функција;
— час на запознавање со новото градиво;
— час на воопштување и систематизација на стечените знаења, умешноста и навиките;
— час на повторување и проверување;
— комбиниран час;
— примена на разни типови часови во разни ситуации и фази на одделни типови наставни часови.

6. Подготвување на инструкторот за час:
— планирање на наставната работа во определениот период на подготвување — содржина, структура и временски распоред;
— подготвување за група часови и за одделен час.

7. Проверување, оценување и евидентирање на напредувањето:
— тековно проверување и оценување квалитетот на примената на стечените знаења, умешноста и навиките;
— завршено проверување и оценување на крајот на определени етапи на подготвувањето;
— барања на усното и писменото проверување и оценување;
— структура и потреба на евидентирањето на напредувањето.

**IV. Програма на испитот од познавање на моторни возила**

1. Возило и мотор со уреди:

— значење на моторните возила во јавниот сообраќај;
— возила: поделба спрема намената, конструкцијата, погонските горива и видот на моторот. Долни и горни колски построј, со деловите и намената;
— рам на возилото: улога и видови;
— товарен сандук: улога и видови;
— мотор: видови и улога, главни делови и нивниот опис. Принцип на работа на четворотактен мотор;
— стублина (цилиндер): улога и опис. Степен на компресија и компресивен простор;
— клип, клипњача, работилка со замаец, глава на моторот и разводен механизам со вентили: улога, опис и принцип на работа;
— подмачкување на моторот: видови, начин и потреба за подмачкување. Менување на масло во моторот;
— масла и мазива за подмачкување на моторни возила: видови, својства и избор на масла за мотор, менувач и диференцијал;
— напојување на мотор со течно гориво: начин на напојување и уред за напојување со неговите составни делови и принцип на работа кај ОТО и дизел мотор;
— карбуратор: видови, улога, основни делови и принцип на работа. Чинители кои влијаат на составот на гасната мешавина;
— горива за ОТО и дизел мотор: состав по ЈУС, октански и цетански број;
— ладење на мотор: потреба, видови, основни делови на уредот за ладење со помош на течности и воздух, добри и лоши страни кај едниот и другиот начин на ладење;
— антифриз: неговата употреба и својства;
— батериско палење: улога на индукциониот калем, прекинувачот, кондензаторот и разводникот на палењето. Регулирање на палење;
— свеќици: видови, улога, и опис и топлотната вредност.

2. Преносни механизми и уреди за запирање и управување:

— преносен уред — спојница (квачило), мењач, карданско вратило и диференцијал: видови, улога, основни делови и принципот на работа;
— предно и задно обесување; улога на предната оска на федерите, амортизерите, тркалата и гумите;
— гуми: избор, профил и димензија. Притисок во гумите и неговата важност за безбедноста и трајноста на гумите;
— уред за управување: видови, улога, основни делови и принцип на работа. Улогата и принцип на работа на серво и пневматско — серво управувач;
— уред за запирање (кочници): улога, видови на кочни системи на моторни возила, основни делови и принцип на работа на механички, хидроулични, воздушни и комбинирани кочници. Работа на двокружен и трокружен систем на хидроулични кочници. Диск кочници;
— моторни кочници: улога и принцип на работа;
— регулатор за подесување интензитетот на кочењето и неговата улога;
— работна, помошна и паркирна кочница: улога, ефикасност и изедначеност на дејствувањето;
— покажувач на расположивиот притисок во пневматските уреди на работната кочница: улога и неговата функција.

3.Двотактен и дизел мотор:

— двотактен бензински мотор и принцип на неговата работа;
— дизел мотор: принцип на работа и уреди за напојување со течно гориво. Разликата помеѓу ОТО и дизел мотор по начинот на работа, деловите, горивото и потрошувачката.

4. Електрични уреди:

— акумулатор (батерија): улога, опис и одржување;
— генератор (динама): улога, основни делови и принцип на работа;
— автоматски прекинувач и реглер со нивната улога;
— електричен покретач (стартер): улога, основни делови и принцип на работа.

5. Светлосни и светлосно-сигнални уреди:

— светлосни и светлосно-сигнални уреди: улога, видови, светлосни уреди за осветлување на патот (големо светло, соборено светло и светло за магла); состојба, број, положај, боја, подесеност, функционирање, меѓусебна поврзаност и др.;
— светлосни уреди за означување на возилото: предни светла, задни светла, со нивната улога, положај, боја, изедначеност, видливост, функционирање, поврзаност и друго;
— габаритни светла: улога, број, положба, боја, функционирање, поврзаност со другите светла и друго;
— жолто ротационо светло: улога, положба, видливост, боја, функционирање и др.;
— светла за осветлување на задната регистарска таблица: улога, продор на светлосните зраци, боја, функционирање, поврзаност со другите светла и др.;
— катадиоптери: улога, број, положба, боја, форма, површина и видливост;
— светлосно-сигнални уреди за давање светлосни знаци: покажувачи на правецот — мигавци: улога, положба, број, боја, функционирање, видливост и бројот на трепкањето;
— стоп-светла: улога, положба, број, боја и функционирање.

6. Останати уреди на возилото:

— уред за давање звучни сигнали: улога, видови, составни делови на уредот, состојба, функционирање, интензитет на звучните сигнали и др.;
— уреди што овозможуваат нормална видливост: улога, ветробранско стакло и други застаклени површини, состојба, провидност и ознака на сигурносното стакло;
— уред за одмрзнување и одмаглување на ветробранот, уред за греење и проветрување на кабината на возачот и просторот за патниците: улога и користење;
— брисачи на ветробранот: улога со перачот на ветробранот, број, функционирање, ефикасност, нивна состојба и функционирање;
— возачки огледала: улога, број, положба, функционирање, можноста за подесување и нивно користење;
— електрични осигурачи и нивната улога;
— контролни и сигнални уреди: брзиномер со патомер и светилка за осветлување со нивна улога и функционирање. Контролна сина лампа за големото светло: улога, функционирање и поврзаност со другите светла;
— тахограф: неговата улога и состојба;
— светлосни или звучни сигнализатор за контрола на работата на покажувачите на правецот (мигавците): улога, функционирање, видливост и истовремено активирање со покажувачите на правецот;
— уред за одвод на согорените гасови: улога, основни делови и нивна состојба, издувната цевка и обоеноста на издувните гасови;
— максимално ниво на дозволената бука на моторните возила.

7. Опрема на возилата:

— брави на вратите со нивното осигурување, држење и состојби;
— завесици на задните блатобрани-калници: улога, состојба, положба и големина;
— приклучоци за сигурносни појаси и нивната улога;
— уреди за обезбедување на возилото од кражба: улога, видови, функционирање и нивна употреба;
— опрема на возилата: апарат за гасење пожар, прицврстеност, ознака на рокот на траење и др.;
— зимска опрема на возилото: зимски гуми со и без шајки, синџири, песок, лопата, крута врска — руда, јаже и др.;
— знак за означување на запрено возило на коловозот: улога, боја и начин на поставување;
— уред за сигнализација на недозволениот притисок во пневматиците: улога и негова функција на возилата на кои таквиот уред е задолжителен;
— влечен уред за спојување на влечното и приклучното возило: улога, прицврстеност и помошна врска.

8. Преглед на возилото, дефекти и нивно отклонување:

— преглед на моторно возило пред, за време и по употребата;
— дефекти на моторните возила: пронајдување и отстранување на дефектите на светлата и светлосно-сигналните уреди, уредот за довод на гориво и справувањето на гасната смеша, уредот на батериското палење за создавање варници на свеќиците, уредите за ладење, запирање, управување и др. Вадење, наместување и поправање на пневматиците (гумите).

## V. Програма на испитот од управување со моторно возило

— подготвување на возилото за возење: обврски на возачот во текот на подготвувањето и исправи за возење;
— влегување во возилото, пуштање на моторот во работа, следење работата на моторот, постигање на работна температура;

1. Возење низ населени места:

— вклучување во сообраќајот;
— приспособување на движењето на возилото според поставените сообраќајни знаци, правилата и условите на сообраќајот;
— возење низ улици со послаб сообраќај;
— возење низ улици со поинтензивен сообраќај;
— обиколување на пречки на коловозот;
— разминување со други возила;
— престигање на моторни и шински возила;
— преминување и возење покрај станици на возила за групен јавен превоз на патници. Возење покрај површини со голем интензитет на пешачкиот сообраќај (училишта, болници, автобуски и железнички станици, пазари, кина, игралишта, театри и сл.);
— возење преку раскрсница на која сообраќајот го регулира овластено службено лице;
— возење преку раскрсница на која сообраќајот е регулиран со поставени класични сообраќајни знаци;
— возење преку раскрсница на која сообраќајот е регулиран со светлосни сообраќајни знаци — семафори;
— возење на делот на пат на кој е кординирана работата на светлосните и други знаци на раскрсниците;
— запирање на возилото во населени места;
— паркирање на возила: на коловози, тротоари и на други површини определени за паркирање.Паркирање возила на ограничени простори. Запирање и паркирање на возила во зони каде што паркирањето е временски ограничено;
— постапки при наидување на возило со право на првенство за минување и на возило под придружба;
— полукружни движења во улици со и без маневрирање. Полукружни движења на раскрсници;
— возење низ населени места ноќе.

2. Возење на патишта:

— возење по пат со обележени и необележени сообраќајни ленти;
— ракување со управувачот во текот на возењето;
— промени на степенот на преносот;
— држење на растојанието од возилата зад кои се движи;
— приспособување на движењето на возилото според поставените сообраќајни знаци, правилата и условите на сообраќајот;
— обиколување пречки на патот;
— разминување со други возила;
— престигање возила на патиштата;
— давање знаци и сигнали во текот на возењето;
— запирање и паркирање на возилото на коловозите на патот и на просториите определени за паркирање;
— возење наназад;
— возење преку раскрсница на патиштата, отстапување првенство за минување на возила што на тоа имаат право, скршнување на лева и на десна страна;
— влегување и излегување од кривини, надвозници, подвозници и тунели;
— кочење на возило во текот на возењето — со кочници и со мотор;
— возење преку мостови и други објекти на патиштата;
— возење на премини на пат преку железнички пруги;
— возење по магла;
— возење по голомразица, виулица, по коловози покриени со снег и по други лизгави коловози;
— запирање и тргнување на патишта со поголем надолжен наклон;
— полукружни движења по пат со и без маневрирање;
— возење ноќе.

## VI. Програма на испитот од основите на укажувањето прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода

1. Давање прва помош и средства што се користат за давање прва помош:

— поим на прва помош;
— значење на прва помош за натамошната судбина на повредените;
— причини за потребата возачите на моторни возила да бидат оспособени за укажување прва помош;
— важност на дозволените и над дозволените дејствија при укажување прва помош.

1. Практични дејствија:

— демонстрирање средствата што се наоѓаат во кутијата за прва помош за моторни возила, како и начин на употребата на тие средства;
— демонстрирање приручни средства што можат полесно да се употребат за укажување прва помош: шамија за глава (триаголна шамија), исечени ленти на платно (поврска), штичиња, знак — триаголник за означување на запрени возила,

списанија, весници и сл. (средства за имобилизација);

— нагледно демонстрирање врз посетител за начинот како треба да се прегледа повредено лице.

2. Постапка по рани:

— поим на отворена и затворена рана;

— опасности врзани за рана крвавење и инфекција;

—санитарна обработка и лекарски преглед на рана настаната во сообраќајна незгода;

— постапка со рана;

— општа состојба на повредениот поради ракувањето.

Практични дејствија:

— завој околу темето и подбрадокот;

— завој за лактот или коленото;

— завој околу вратот;

— завој од триаголна шамија за глава, колено и шака.

3. Крвавење и прва помош:

— поим на надворешно и внатрешно крвавење, опасности од крвавење, знаци и прва помош;

— искрвавеност, знаци и прва помош.

Практични дејствија:

— дигитална компресија на надлактичната артерија и во препоните;

— поставување на компресивен завој на екстремитетите, градниот кош и стомакот;

— подврзување на прекинат екстремитет кој крвави;

— поставување на искрвавеност во лежечка положба со спуштена глава и со подигнат долен дел на трупот и нозете.

4. Преломи на коски, повреди на зглобови и прва помош:

— затворени и отворени преломи на коски од екстремитетите: знаци, опасност и прва помош;

— исчанчување на зглобови; знаци и прва помош;

— значење на добра имобилизација за понатамошната судбина на повредениот;

— основни правила кон кои треба да се придржува при изведување на имобилизацијата;

— знаци според кои може да се констатира прелом на клучната коска, рбет и карлица и укажување прва помош кај тие видови повреди.

Практични дејствија:

— правилно држење на повредени екстремитети за време укажување на прва помош;

— имобилизација на подлактицата со помош на скут од палто;

— имобилизација на подлактица, надлактица и шака со триаголна шамија;

— имобилизација на повредена нога кон здрава нога.

5. Отстранување опасноста од задушување и вештачко дишење:

— најчести случаи на опасност од задушување: слевање крв во грло или гркլан, влегување на повратена течност од желудникот во патиштата за дишење, запаѓање на јазикот во грло;

— начин на отстранување опасноста од задушување;

— случаи за примена на вештачко дишење.

Практични дејствија:

— ослободување на патиштата за дишење и поставување на повредениот во десна бочна положба;

— вештачко дишење според методите на вдишување на воздух „уста на нос" и „уста на уста";

— надворешна масажа на срцето;

— вештачко дишење комбинирано со масажа на срцето.

6. Други повреди и практични дејствија:

— пригмечување и прва помош;

— изгореници и прва помош;

— прав и инсекти во око и нивно отстранување од внатрешната страна на долниот очен капак и горниот очен капак;

— труење со издувни гасови и прва помош;

— оштетување со студ и прва помош;

— гаснење на запалена облека;

— поставување на повредени во полуседечка положба, лежечка положба со умерено подигнати раце и нозе и во лежечка положба со полусвиткани нозе во колената.

7. Постапка со повредените во сообраќајна незгода:

— постапка во сообраќајни незгоди;

— основни начела за извлекување на повредени од возилото;

— спасување од автомобил при потопување;

— постапка при наидување на сообраќајна незгода;

— превезување на повредени.

Практични дејствија:

— извлекување од возилото на повредени со повреда на рбетот;

— пренесување на повредените со повреда на рбетот и поставување во соодветна положба;

— извлекување од возилото на повредените со прелом на коските на нозете;

— пренесување на повредените со прелом на долните екстремитети и поставување во соодветна положба;

— внесување на повредените со повреда на рбетот или долните екстремитети во несанитетски возила.

Образец на дозволата за возач-инструктор
(Големина 60 x 95 мм.)
(Насловна страна)

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

— Републички секретаријат за внатрешни работи —

Број: ____________ Важи за подготвување кандидати за возачи на моторни возила од категорија ____________

Д О З В О Л А
за возач — инструктор

(место за фотографија)

Презиме ____________

Име ____________

Датум на раѓање ____________

Живеалиште ____________

Издадена од ____________

Датум на издавањето М.П.

____________

Потпис на овластениот работник

____________

(Задна страна)

Важењето на дозволата за возач — инструктор се продолжува до ____________ 19____ М.П.
Потпис на овластениот работник
____________

Важењето на дозволата за возач — инструктор се продолжува до ____________ 19____ М.П.
Потпис на овластениот работник
____________

Важењето на дозволата за возач — инструктор се продолжува до ____________ 19____ М.П.
Потпис на овластениот работник
____________

**373.**

Врз основа на член 5 од Законот за ограничување на средствата за финансирање на општата, заедничката и друга потрошувачка во 1975 година („Службен весник на СРМ“, бр. 27/75), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО, ОГРАНИЧУВАЊЕТО И ИЗДВОЈУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТАТА, ЗАЕДНИЧКАТА И ДРУГА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1975 ГОДИНА

1. Пресметувањето, ограничувањето и издвојувањето на средствата за финансирање на општата, заедничката и другата потрошувачка се врши на начин утврден со ова упатство.

2. Приходите од придонесите на самоуправните интересни заедници како и надоместоците за услугите на Службата на општественото книговодство и членарините на Комората и на здруженијата од членот 2, став 1, точка 1 и 2 од Законот за ограничување на средствата за финансирање на општата, заедничката и другата потрошувачка во 1975 година (Законот) се ограничуваат по корисници на средства, поединечно, во зависност од порастот на приходите во однос на истиот период од претходната година, споредени со порастот на општествениот производ на општественото стопанство.

Споредувањето од претходниот став се врши:

— за самоуправните интересни заедници за пензиско и инвалидско осигурување, социјална заштита (републичка), општествена заштита на децата (републичка) и Стопанската комора на Македонија, со порастот на општествениот производ на општественото стопанство на ниво на Републиката;

— за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, вработувањето, општествената заштита на децата (општински), социјална заштита (општински), Службата на општественото книговодство и деловните здруженија, со порастот на општествениот производ на општественото стопанство на ниво на општината.

3. Доколку приходите од даноците, придонесите и таксите (член 2, став 1, точка 3 од Законот) на буџетите и на самоуправните интересни заедници од областа на образованието, научната дејност, културата и физичката култура во целина, го надминуваат порастот на општествениот производ на општественото стопанство на Републиката намален за 25%, споредувањето се врши:

— за Републичкиот буџет и републичките самоуправни интересни заедници — со општествениот производ на општественото стопанство на ниво на Републиката; и

— за буџетите на општините и општинските самоуправни интересни заедници — со општествениот производ на општественото стопанство на ниво на општината.

4. Републиката, општините, самоуправните интересни заедници и другите корисници на општествени средства чии приходи подлежат на ограничување, доставуваат податоци на Службата на општественото книговодство и надлежниот републички односно општински орган за финансии, тримесечно во рок од 25 дена по истекот на тримесечјето.

По исклучок извештајот за второто тримесечје се доставува до 15 септември 1975 година.

Податоците од претходниот став се доставуваат на посебен образец, што е составен дел на ова упатство.

5. За корисниците на општествени средства што не ќе доставаат податоци според оваа точка, ќе се користат податоците на Службата на општественото книговодство.

6. Стапките на порастот на општествениот производ на општественото стопанство на ниво на Републиката и по општини, ги утврдува Службата на општественото книговодство, тримесечно и годишно, врз база на податоците од периодичните пресметки и завршните сметки на организациите на здружениот труд, во рок од 5 дена, по нивната збирна обработка.

7. Врз основа на податоците од точките 4, 5 и 6 од ова упатство, Службата на општественото книговодство го утврдува износот на средствата што треба да се издвои на посебна сметка.

8. Службата на општественото книговодство, за корисниците од членот 2 став 1 точка 1 и 2 од Законот, ги издвојува средствата на посебни сметки во рок од 5 дена и за тоа ги известува корисниците.

9. За утврдените износи на средства што треба да се издвојат на посебни сметки, за корисниците на општествени средства од членот 2 став 1, точка 3 од Законот, Службата на општественото книговодство во рок од 5 дена ги известува надлежните органи од член 3 став 2 од Законот.

Службата на општественото книговодство, по добивањето на одлуката на надлежниот орган од претходниот став, во рок од 5 дена, го издвојува вишокот на средствата на посебни сметки по корисници.

10. Доколку расположивите средства на одделен корисник на општествени средства не се доволни да се издвои утврдениот износ, Службата на општественото книговодство издвојувањето ќе го врши од наредниот прилив.

11. Ако корисникот на средствата, има издвоено повеќе средства, а оствари помал износ на приходи во наредниот период од годината, Службата на општественото книговодство ќе му врати дел од средствата издвоени на посебна сметка во висина на разликата на средствата до ограничувањето.

12. Ова упатство влегува во сила, наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 06-1602/1
21 август 1975 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски**, с. р.

Корисник на општествени средства ——————

——————————

ИЗВЕШТАЈ
за остварените приходи за периодот од 1. I. до ——— 1975 год.
(во динари)

| Ред. број | Вид на приходи | Остварено 1974 | 1975 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Данок на доход | | | |
| 2. | Данок од личен доход | | | |
| 3. | Данок на промет | | | |
| 4. | Други даноци | | | / |
| 5. | Такси | | | |
| 6. | Придонеси од доходот | | | |
| 7. | Придонеси од личните доходи | | | |
| 8. | Надоместоци за услугите на Службата на општественото книговодство | | | |
| 9. | Членарини на Комората и деловните здруженија | | | |
| | ВКУПНО: | | | |

——————— 1975 год. ———————————
(печат и потпис)

**374.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Одлуката за поделба на имотот на работната организација, донесена од работничкиот совет на Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје на седницата одржана на 21 март 1974 година, по јавната расправа одржана на 30 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за поделба на имотот на работната организација, донесена од работничкиот совет на Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје на седницата одржана на 21 март 1974 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје на начин што со самоуправната спогодба за здружување односно со статутот на претпријатието е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Хемиската индустрија „Пролетер" во Скопје му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за поведување постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот со оспорената одлука сите основни организации на здружениот труд во состав на Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје се обврзани да издвојуваат 1% од вкупниот приход во фондот за ризици, заради покривање на трошоците во врска со ненаплативите побарувања на основните организации на здружениот труд настанати до 31 декември 1971 година. Подносителот на предлогот смета дека оваа одлука е донесена од ненадлежен орган, затоа што за располагањето со доходот одлучуваат работниците во основната организација на здружениот труд. Во предлогот посебно се укажува дека оспорената одлука не може да ги обврзува основните организации на здружениот труд што се здружиле во работната организација „Треска" по 1971 година, како што е тоа случај со Хемиската индустрија „Пролетер" во Скопје.

Во својот одговор Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје го оспори само наводот според кој одлуката не може да се однесува на Хемиската индустрија „Пролетер" во Скопје. Според мислењето изнесено во одговорот одлуката треба да се однесува и на Хемиската индустрија „Пролетер" во Скопје, затоа што при присоединувањето на оваа работна организација кон Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје, што било извршено во 1972 година, биле преземени сите нејзини побарувања и долгови настанати пред тоа, поради што и оваа основна организација на здружениот труд треба да учествува во покривањето на трошоците во врска со ненаплативите побарувања.

3. Врз основа на писмените прилози и доказите поднесени на јавната расправа Судот утврди дека работничкиот совет на Здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска" во Скопје, на седницата одржана на 21 март 1974 година, донел Одлука за поделба на имотот на работната организација. Во точката 1 од одлуката е определено дека се потврдува извршената поделба на средствата на работната организација и на нивните извори извршена на 31 декември 1971 година. Според точката II од оваа одлука средствата и нивните извори, што согласно ставот 2 на член 81 од самоуправната спогодба за здружување биле предадени на управување на работната заедница на заедничките служби, како и останатата актива и пасива на оваа работна заедница, искажани во билансот на состојбата според завршната сметка за 1973 година, се распределуваат на основните организации на здружениот труд — потписници на самоуправната спогодба за здружување според поделбениот биланс што е составен дел на оваа одлука. Активата и пасивата што со поделбениот биланс се предаваат на употреба на Основната организација на здружениот труд „Треска експорт-импорт" во Скопје, според точката III од одлуката, и понатаму претставуваат заеднички имот на основните организации на здружениот труд до потполното расчистување на сите видови побарувања и обврски. За потполното расчистување на сите видови побарувања и обврски, согласно точката IV од одлуката, во Основната организација на здружениот труд „Треска експорт-импорт" во Скопје се образува посебна заедничка стручна служба — финансиска оператива, составена од досегашната служба на финансиската оператива и централното книговодство. Оваа служба, меѓу другото, е овластена во текот на своето работење да врши пренесување на делови од имотот што е предмет на расчистување на одделни основни организации на здружениот труд. Во точката VI од оспорената одлука е определено дека за ликвидирање на ненаплативите побарувања, другите вонредни расходи, како и за покривање на трошоците на стручната служба — финансиска оператива, основните организации на здружениот труд — потписници на самоуправната спогодба за здружување со оваа одлука образуваат заеднички фонд на ризици. Во овој фонд, според ставот 2 од оваа точка на одлуката, основните организации на здружениот труд ќе внесуваат средства во износ од 1% од вкупниот приход годишно и тоа секоја година до потполното ликвидирање на сите трошоци во врска со ненаплативите побарувања. Според точката IX од одлуката по ликвидирањето на сите обврски што се покриваат од заедничкиот фонд на ризик, останатите средства од овој фонд им се враќаат на основните организации на здружениот труд соодветно на вложените средства во него.

Според ставот 2 на член 16 од Уставот на СР Македонија основната организација на здружениот труд е основен облик на здружениот труд во кој работниците непосредно и рамноправно ги остваруваат општествено-економските и другите самоуправни права и одлучуваат за други прашања од својата општествено-економска положба. Посебно во ставот 1 на член 19 од Уставот е определено дека за сиот доход како резултат од заедничкиот труд на работниците во основната ор-

ганизација на здружениот труд и на вкупниот општествен труд, работниците одлучуваат во основните организации на здружениот труд во согласност со своите уставни права и одговорности спрема другите работници во здружениот труд и спрема општествената заедница во целина.

Од друга страна според ставот 2 на член 42 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд распоредувањето на средствата, правата и обврските на работната организација врз основните организации на здружениот труд се врши со самоуправна спогодба за здружување во работна организација или со посебна писмена спогодба што е составен дел на самоуправната спогодба за здружување.

Со оглед на изнесеното Судот смета дека за распоредување на средствата, правата и обврските на работната организација врз основните организации на здружениот труд и за располагањето со доходот што е резултат од заедничкиот труд на работниците во основните организации на здружениот труд не може самостојно да одлучува работничкиот совет на работната организација.

Поради тоа што Одлуката за поделба на имотот на работната организација е донесена од работничкиот совет на здружената дрвна индустрија и шумарство „Треска“ во Скопје и што со неа работничкиот совет одлучувал за распоредување на средствата, правата и обврските на работната организација и за располагањето со доходот што е резултат од заедничкиот труд на работниците во основните организации на здружениот труд, Судот утврди дека оваа одлука не е во согласност со Уставот и законот.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 19/75
30 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

## 375.

Уставниот суд на Македонија, решавајќи го спорот поведен од Основната организација на здружениот труд „Трговија“, во состав на Трговското претпријатие на големо и мало „Тргокооп“ во Скопје, во поглед на исполнувањето на условите за организирање на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд, по одржаната јавна расправа на 4 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се утврдува дека деловната единица — претставништво во Богданци на Основната организација на здружениот труд „Трговија“, во состав на Трговското претпријатие на големо и мало „Тргокооп“ во Скопје, не ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Трговското претпријатие на големо и мало „Тргокооп“ во Скопје на начин што во самоуправната спогодба за здружување односно во статутот на претпријатието е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основната организација на здружениот труд „Трговија“, во состав на Трговското претпријатие на големо и мало „Тргокооп“ во Скопје, му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за поведување спор во врска со организирањето на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд. Според наводите во предлогот одлуката за организирање на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд е незаконита затоа што пред нејзиното донесување не била изготвена соодветна анализа на условите за организирање во основна организација на здружениот труд и затоа што за донесувањето на ваква одлука не се изјасниле мнозинството од сите вработени во претставништвото. Така, во предлогот се наведува дека од петте работници во претставништвото кои наводно се изјасниле за донесување на одлуката за организирање на претставништвото во основна организација на здружениот труд еден не е вработен во претставништвото, туку во книговодството на Основната организација на здружениот труд „Трговија“ во Скопје, а двајца не присуствувале на собирот на кој е донесена оспорената одлука. Во предлогот исто така се наведува дека собирот на работните луѓе на претставништвото одржан на 1 февруари 1975 година донел одлука за повлекување на одлуката за организирање на основна организација на здружениот труд.

Во одговорот што на Судов му е доставен од овластено лице на претставништвото се оспоруваат наводите во предлогот во поглед начинот на донесувањето на одлуката и се тврди дека одлуката била донесена едногласно од сите вработени во претставништвото. Во одговорот потоа се тврди дека претставништвото во Богданци ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд затоа што претставува работна целина во која постојат услови и можности за самостојно изразување на резултатите од заедничкиот труд на работниците и нивното потврдување како вредност на пазарот и во работната организација. Во прилог на ова тврдење се наведува дека претставништвото врши откуп и пласман на сите видови земјоделски производи кои ги испорачува претежно на други работни организации а матичната работна организација главно се јавува како посредник. Работниците во претставништвото, според наводите во одговорот, немаат посебни права во одлучувањето за остварениот доход, туку со него располага работната организација. Најпосле во одговорот се укажува дека е изготвена кратка анализа за работењето на претставништвото врз основа на податоците со кои располага претставништвото и дека е извршена пренотација на донесената одлука за организирање во основна организација на здружениот труд кај надлежниот стопански суд.

4. Врз основа на изнесените прилози и доказите поднесени на јавната расправа Судот утврди дека работниците на деловната единица — претставништво во Богданци на Основната организација на здружениот труд „Трговија“ во Скопје, во состав на Трговското претпријатие „Тргокооп“ во Скопје, на состанокот одржан на 28 и 29 декември 1974 година донеле одлука деловната единица да се организира во основна организација на здружениот труд под назив „Кооперант“ со седиште во Богданци. Според одлуката дејноста на оваа основна организација на здружениот труд треба да биде промет на големо и мало со земјоделски машини, алати и резервни делови, вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата, промет со моторни возила, резервни делови и прибор, крзнарски, јажарски и други производи, кожи, производи од гума, каучук и пластика, градежни материјали и други, како и откуп и промет на земјоделски и прехранбени производи од индивидуалните производители. Судот исто така утврди дека во деловната единица — претставништвото во Богданци на денот на донесувањето на одлуката

за организирање во основна организација на здружениот труд биле вработени четири работници и дека одлуката била донесена едногласно. Подоцна на состаноците на работниците од претставништвото одржани на 4 и 22 март 1975 година одлуката за организирање на претставништвото во основна организација на здружениот труд била потврдена со мнозинство гласови на работниците, додека на состанокот одржан на 1 февруари 1975 година не било постигнато мнозинство за повлекување на одлуката. Со оглед на тоа судот утврди дека одлуката за организирање на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд била донесена со потребното мнозинство на гласови утврдено во ставот 2 на член 35 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73).

Во врска со постапката за донесување на одлуката за организирање на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд Судот утврди дека подготовките за организирање на оваа основна организација не ги спровело работно тело составено од делегати избрани во сите делови на организацијата на здружениот труд што претставуваат работна целина, ниту пак била претходно подготвена и разгледана од работниците на овие делови соодветна анализа на условите за организирање на претставништвото во основна организација на здружениот труд во смислата на членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регитар на организациите на здружениот труд. При тоа Судот утврди дека работниците од деловната единица не дале иницијатива за образување на заедничко работно тело, ниту за подготвување на соодветна анализа во смисла на законот.

Судот исто така утврди дека по донесувањето на одлуката за организирање на основна организација на здружениот труд била подготвена анализа за економската поставеност и работењето на деловната единица во Богданци во 1973 и 1974 година, но дека таа не ги содржи сите потребни елементи предвидени во членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека одлуката за организирање на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд не била донесена според постапката утврдена во членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд.

Освен тоа Судот утврди дека деловната единица — претставништво во Богданци не располага со достатни средства за работа кои можат да обезбедат сигурна материјална основа за остварување на општествено-економските и други самоуправни права на работниците што според Уставот се остваруваат во основната организација на здружениот труд. Судот исто така утврди дека изразито малиот број вработени во оваа деловна единица не овозможува остварување на самоуправните права на работниците утврдени во Уставот.

Имајќи го сето ова предвид Судот утврди дека не се исполнети условите за организирање на деловната единица — претставништво во Богданци во основна организација на здружениот труд утврдени во ставот 1 на член 37 од Уставот на СР Македонија.

Со оглед на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 12/75
4 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

**376.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на членот 5 од Табеларниот дел на стартните основи на личните доходи на Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи бр. 03-273/1 од 26 февруари 1974 година, склучена меѓу работниците на Бирото за геолошко-рударски истражувања во Куманово, по јавната расправа одржана на 23 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 5 од Табеларниот дел на стартните основи на личните доходи на Самоуправната спогодба за распределба на личните доходи бр. 03-273/1 од 26 февруари 1974 година, склучена меѓу работниците на Бирото за геолошко-рударски истражувања во Куманово.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Бирото за геолошко-рударски истражувања во Куманово на начин определен со статутот на Бирото за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 22/74 од 20 март 1975 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членот 5 од табеларниот дел означен во точката 1 на оваа одлука.

На јавната расправа Судот утврди дека според членот 1 од табеларниот дел стартните основи за одделни работни места се определени во нето динари месечно односно во динари за еден час и дека тие се определуваат врз основа на следните елементи: сложеност на работата, стручна подготовка, самостојност во работата, одговорност во работата, опасност при работата, услови на работата, тежина на работата, раководење, стручен испит и работно искуство. Судот исто така утврди дека во членот 5 од табеларниот дел стартната основа на личниот доход за секое работно место е утврдена според степенот на стручната подготовка и работен стаж и дека за секое работно место месечниот стартен основ е искажан во динари, но дека Табеларниот дел не содржи мерила за секој од основите предвидени во неговиот член 1 врз основа на кои се утврдува учеството на работникот во распределбата на средствата за лични доходи.

Во остварувањето на начелото за распределбата според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија работниците во основната организација на здружен труд, согласно ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ" бр. 22/73) ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, како и начинот за пресметување и исплата на личните доходи.

Со оглед на тоа што во членот 5 од Табеларниот дел не се определени мерила за влијанието на секој од утврдените основи врз работниот придонес на работникот, односно затоа што месечната аконтација на личниот доход за секое работно место е утврдена во фиксен износ во динари, Судот утврди дека тој не е во согласност со членот 22 и ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија, како и со ставот 1 на член 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 22/74
23 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

**377.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја законитоста на Правилникот за распределба на средствата за личен доход на работниците бр. 01-540/1, донесен од советот на Централното основно училиште „Единство“ во Македонски Брод на 13 декември 1968 година, на седницата одржана на 3 јули 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Правилникот за распределба на средствата за личен доход на работниците бр. 01-540/1, донесен од советот на Централното основно училиште „Единство“ во Македонски Брод на седницата одржана на 13 декември 1968 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Централното основно училиште „Единство“ во Македонски Брод, на начин определен со статутот на училиштето за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 100/74 од 21 мај 1975 година поведе постапка за оценување законитоста на правилникот означен во точката 1 на оваа одлука.

Во претходната постапка и на седницата одржана на 3 јули 1975 година Судот утврди дека означениот правилник е донесен од советот на Централното основно училиште „Единство“ во Македонски Брод пред влегувањето во сила на Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73), дека тој сѐ уште не престанал да важи и дека работниците во ова училиште не склучиле самоуправна спогодба за распределба на средствата за лични доходи, а распределбата на овие средства работниците ја вршат врз основа на актите на Основната заедница на образованието со кои се утврдени критериуми и мерила за финансирање дејноста на училиштето.

Според членот 4 од сојузниот Закон за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд правата и обврските од меѓусебните односи во здружениот труд ги уредуваат работниците во основната организација и тоа со самоуправни спогодби, а според членот 76 од овој закон работниците во организациите на здружениот труд беа должни своите меѓусебни односи во здружениот труд да ги уредат во согласност со одредбите на овој закон до крајот на 1973 година. Со оглед на тоа што во Централното основно училиште „Единство“ во Македонски Брод и по истекот на рокот определен во законот оспорениот правилник не е усогласен со законот и не е склучена самоуправна спогодба за распределба на средствата за лични доходи, а распределбата на овие средства се врши врз основа на општи акти што не се донесени непосредно од работниците, Судот утврди дека оспорениот правилник не е во согласност со членовите 4 и 76 од означениот закон.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

Оваа одлука, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија, Судот ја донесе на седница без претходно одржување на јавна расправа затоа што оцени дека за натамошното разјаснување на предметот на спорот не е неопходно присуство на учесниците во постапката.

У. бр. 100/74
3 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

# *Огласен дел*

## МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните загубени документи:**

Свидетелство бр. 113, издадено од Централното училиште во с. Д. Чичево на име Душан Трпчев, Градско, Т. Велес. (628)

Возачка дозвола бр. 2531, издадена од ОВР — Тетово на име Феџри Џеладини, ул. „И. Р. Лола“ бр. 44, Тетово. (629)

Потврда за испит за квалификација издадена од Заводот за запослување — Прилеп на име Ристе Ристевски, с. Крушеани, Прилеп. (630)

Свидетелство за завршен испит, издадено од Гимназијата „М. Ацев“ — Прилеп на име Харалампија Бутикоски, ул. „К. Гаврилоски“ бр. 27, Прилеп. (632)

Свидетелство за II година индустриско училиште на име Милош Стамески, ул. „Браќа Ѓиноски“ бр. 65, Гостивар. (2118)

Индекс бр. 410 издаден од Вишата техничка школа — Битола на име Светолик Петровиќ, ул. „18 ноември“ бр. 23, Гостивар. (2119)

Работна книшка издадена од Св. Николе на име Марјан Стошевиќ, Св. Николе. (2123)

Воена книшка издадена од Ресен на име Асан Асановски, ул. „Гоце Делчев“ бр. 43, Ресен. (1734)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Зекирија Абази, ул. „Г. Стојчевски“ бр. 38, Тетово. (1471)

Лична карта издадена од ОВР — Гостивар на име Добрица Антеска, ул. „Гоце Делчев“ бр. 1, Гостивар. (1476)

Воена книшка на име Илија Иванов Калешов, ул. „Лазо Мицев“ бр. 30, Кавадарци. (1481)

Оружен лист бр. 3008, издаден од СВР — Тетово на име Славко Антовски, с. Сиричино, Тетово. (1484)

Оружен лист рег. бр. 1094, издаден од СВР — Тетово на име Емурла Шакири, с. Шемшево, Тетово. (1494)

Возачка дозвола на име Трпе Сотироски, ул. „Вардарска“ бр. 9, Тетово. (1510)

Воена книшка на име Стојадин Величковски, с. Габор, Кр. Паланка. (1536)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Назиф Амети, ул. „ЈНА“ бр. 40, Тетово. (1538)

Оружен лист рег. бр. 1223, издаден од СВР — Тетово на име Нуриман Јашари, с. Гајре, Тетово. (1551)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Синан Шабани, с. Палатица, Тетово. (1552)

Воена книшка на име Гафур Ш. Дилавероски, с. Велешта, Струга. (1563)

Воена книшка издадена од Т. Ужице на име Благоја Капурановски, с. Нижеполе, Битола. (1568)

Воена книшка серија бр. АГ. 54542, издадена од Народна одбрана — Куманово на име Садри Ибраима Ајдиновски, ул. „11 Ноември“ бр. 45, Куманово. (1569)

Лична карта на име Томислав Милошевски, с. Јанчиште, Тетово. (1570)

Воена книшка издадена од ВП Вис на име Киро Митрески, с. Ерековци, Прилеп. (1585)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Делчо Јаневски, ул. „М. Тито“ бр. 17, Тетово. (1596)

Возачка дозвола бр. 3022, издадена од ОВР — Гостивар на име Зуди Селими, с. Форино, Гостивар. (1597)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Благоја Саровски, ул. „Браќа Симоски“ бр. 44, Тетово. (1524)

Воена книшка издадена од Одделението за народна одбрана на општината Ресен на име Невруз Камберов Салиевски, ул. „Христо Герасовски“ бр. 46, Ресен. (1625)

Воена книшка серија АГ бр. 09806, издадена од Секретаријатот за народна одбрана — СО — Куманово на име Зоран Воислав Трајковиќ, с. Матејче, Куманово. (1629)

Пасош на име Дојчин Соневски, с. Романовци, Куманово. (1630)

Уверение за положен испит за леблебиџија на име Лиман Селмани, с. Раковец, Тетово. (1631)

Лична карта на име Вели Амедали, ул. „Ново село“ бр. 25, Тетово. (1632)

Возачка дозвола издадена од СВР — Тетово на име Нејази Авдија, ул. „Благоја Тоска“ бр. 238, Тетово. (1634)

Воена книшка на име Назим Ајруловски, с. Кишава, Битола. (1637)

Лична карта на име Живко Станојевиќ, ул. „Илинденска“ бр. 150, Тетово. (1640)

Лична карта издадена од СВР — Гостивар на име Авзи Елези, с. Чајле, Гостивар. (1643)

Пасош МА бр. 275259, издаден од ОВР — Валандово на име Радивоје Бокан, с. Јосифово, Валандово. (1645)

Полномошно на име, Светозар Ракиќ од с. Ракитово — Светозарево, издадено од Земјоделската задруга „Слога“ — Бориево, Струмица. (1648)

# КОНКУРСИ

Работничкиот совет на организацијата на здружениот труд рудник „Стогово“ — Кичево

распишува

**КОНКУРС**

за директор на работната организација (наименување — реизбор).

Кандидатот покрај општите услови предвидени со Законот да ги исполнува и следните услови:

1. да има завршено рударски — геолошки факултет и 10 години работен стаж на раководни работни места во рударско — геолошката гранка;

2. да не е осудуван за кривично дело предвидено со Основниот закон на претпријатијата, со судска одлука да не му е забрането вршењето на должноста директор на претпријатие;

3. да поседува морално-политички квалитети и организаторски способности.

Молбите комплетирани со потребните документи да се доставуваат до Рудникот „Стогово“ — Кичево.

Некомплетираните документи или неблаговремено поднесените молби нема да се разгледуваат.

Конкурсот е отворен 15 дена, сметано од денот на објавувањето. (130)

**СОДРЖИНА**


| | | Страна |
|---|---|---|
| 360. | Одлука за усогласување на инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација со движењето на просечните животни трошоци | 529 |
| 361. | Одлука за усогласување на постојаното материјално обезбедување на учесниците од Народноослободителната војна со движењето на просечните трошоци на животот | 529 |
| 362. | Решение за именување вршител на должноста директор на Македонската филхармонија | 529 |
| 363. | Решение за именување помошник на републичкиот секретар за народна одбрана | 529 |
| 364. | Решение за именување заменик на директорот на Републичкиот завод за техничка соработка | 529 |
| 365. | Решение за именување советник на директорот на Републичкиот завод за статистика | 530 |
| 366. | Решение за именување претседател и членови на Иницијативниот одбор за подготвителните работи за конституирање на Самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност | 530 |
| 367. | Решение за утврдување престанок на функцијата членови на Советот и за именување претставници на Републиката во управувањето со Заводот за водостопанство на СР Македонија | 530 |
| 368. | Решение за утврдување престанок на функцијата член и именување член на Советот на Институтот за национална историја — Скопје | 531 |
| 369. | Решение за определување претставник од СР Македонија во Собранието на Заедницата на Југословенската лотарија | 531 |
| 370. | Решение за именување советник на републичкиот секретар за сообраќај и врски | 531 |
| 371. | Решение за разрешување од должност советник во Извршниот совет | 531 |
| 372. | Правилник за програмата и начинот на полагањето на испитот за возач — инструктор | 531 |
| | **Програма** на испитот за возач — инструктор | 534 |
| 373. | Упатство за начинот на пресметувањето, ограничувањето и издвојувањето на средствата за финансирање на општата, заедничката и другата потрошувачка во 1975 година | 539 |
| 374. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 19/75 од 30 јуни 1975 година | 540 |
| 375. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 12/75 од 4 јуни 1975 година | 541 |
| 376. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 22/74 од 23 јуни 1975 година | 542 |
| 377. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 100/74 од 3 јули 1975 година | 543 |


**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**